**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-471
10.11. **2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година бр.10-5495/2 од 07.11.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик, од страна на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, Директорот на Агенцијата на ден 10.11.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, заради извршена повреда на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), односно поради не почитување на обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година бр.10-5495/2 од 07.11.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА, на радиодифузерот - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат

операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 21 октомври 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, на 21 октомври 2014 година, не е почитувана обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираното деноноќие 8.58% од емитуваната музика беше вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е за 31.2% помалку од законски предвидените најмалку 40% инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификувана е во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година бр.10-5495/2 од 07.11.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година бр.10-5495/2 од 07.11.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип, се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година бр.10-5495/2 од 07.11.2014 година

**Доставено до:**

- Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип;
- Одговорен уредник / одговорно лице на програмата на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, Штип;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

07.11.2014

10 5495/2 1

# ИЗВЕШТАЈ

**од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 21 октомври 2014 година**

*Предмет на надзорот:*

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија).

*Констатации:*

Со надзорот е утврдено дека на 21 октомври 2014 година, програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, не ја почитуваше обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираното деноноќие 8.58% од емитуваната музика беше вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е за 31,2 % помалку од законски предвидените најмалку 40% инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

*Опис на прекршувањето:*

Спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, на 21 октомври 2014 година, не ја почитуваше обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик.

***Сектор за програмски работи***

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*07.11.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

Предлог на мерка:

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

*Сектор за правни работи*